Tweet | Follow @UtrinskiVesnik | Ми се допаѓа 0

11.11.2007, 14:52

ВЕЉО ТАШОВСКИ

## СОЗДАДОВ ПЕЈЗАЖ ИСКЛУЧЕН ОД НАРАТИВНОТО



**Сликарот посочува дека неговите дела нудат чувство на надеж**

КАТЕРИНА БОГОЕВА

**На последната своја изложба во Музејот на град Скопје презентиравте девет свои дела, број на чија што симболика укажа ликовната критичарка Конча Пиркоска, број кој двојно реферира на заокружувањето на целоста, на „крунисувањето на напорите на довршувањето на делото“. И по бројот на презентираните дела и по нивната содржина, ја избегнавте замката на стереотипното презентирање?**

- Се согласувам со размислувањата на Пирковска, но како автор искрено, не размислував за таа деветка, можеби само малку како за непарен број на дела што планирав да ги изложам. Што се однесува до техниката на работа и воопшто во изразот, го започнав за време на моите постдипломски студии во Љубљана. Еден период исклучиво работев на начинот на кој и денес работам, повеќеслојно, за да продолжам по извесно време да работам и еднослојно, да ги менувам техниките. На почетокот тоа беше геометриска апстракција, а потоа се вратив кон природата.

Сакав да постигнам една широчина, пејсаж исклучен од наративното, природа во која ќе се чувствува нешто што е битно за животот: водата, воздухот, движењето, флуидот... Мислам дека тоа и го постигнав.

**Во делата се чувствува присутност на природата. Како ја доловувате фасцинантната длабока прозрачност?**

- Да, во делата може да се почувствува да речеме ветерот кога дува, кога се нишаат гранки, листови. Не се користам однапред со фотографии, но доста сум присутен во природата, шетам и ја набљудувам, ги преточувам сите

импресии во сликите.Важна ми е атмосферата на движење, на светлината и затоа можеби во делата ја употребувам и свилата, синетичките материјали кои многу ми користат во создавањето на флуидноста, на чувството минливост на животот. Сакам партиципиентот да се чувствува добро во таа атмосфера, да има чувство на надеж.

Кога станува збор за ангажирана уметност, обично се претставува нешто што е грдо, негативно, а јас сакам да допринесам со добрината. Тука ја гледам мојата ангажираност, инаку не се сметам себеси за ангажиран автор.

**А каква треба да биде ангажираноста на ликовните автори?**

- Јас сум еден од авторите кои работите не ги прават за да претендираат за нешто. Мене ми е најважно ликовното, тоа е првата водилка за да направам слика, користејќи ги сите ликовни елементи, принципи. Ако ја прескокнеме ликовноста и ако се врзуваме само за некои теории или чувства, може некој и да не ги препознае, дури и нашите чувства да не го интересираат.

**Професор сте на Факултетот за ликовна уметност во Скопје. Како го отценувате денес развојот и третманот на ликовното и во академските кругови?**

- Во однос на другите факултети на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" нашиот, кој пред неколку години одбележа и 25 години постоење е релативно млад, но со доволно искуство во однос на новите факултети што се отвораат. Не сме против отворање на други факултети, треба да постои и конкуренција, други и поинакви факултети, идеи, друго сликарство. И сега имаме студенти како и пред да се отворат и новите факултети. Може да се пофалам дека доста наши студенти отидоа надвор на постдипломски студии , некои веќе работат во одредени установи. Знаеме дека се доста квалитетни и се гордееме со тоа.

**Ви недостига ли поголемо внимание од државата за техничко доопремување на факултетот?**

- Секогаш ние нешто бараме но не и добиваме. Проблемот, освен во просторните и материјално - техничките услови, можеби е најголем во однос на кадровскиот потенцијал, на асистентските места што секоја година ги бараме, но е реткост и да се добијат.

**Како гледате на меѓународната ликовна презентација на Македонија, во странство. Играат ли личните контакти најголема улога?**

- Добредојдени се сите форми за организирање на презентациите на нашите ликовни творци надвор. Но државата, музеите, галериите кои и се задолжени за презентациите, треба тоа да ги прават со поголем ангажман и љубов. Не секогаш се проблем само парите, тие може да се најдат и преку државата и со спонзорства. Треба да се организираат повеќе изложби, но сметам дека квалитетно се претставуваме и во другите уметности.



Стравуваме повеќе од недостиг од пари за изработка на богати монографии за одредени автори, а потребна е и поголема поддршка за младите уметници. Би било добро да добијат ателјеа како што им беа делени на уметниците во минатото.

**Може ли да влијае Друштвото на ликовните уметници со своето ново раководство?**

- Задоволни сме што воопшто ДЛУМ доби нови простории и молиме Бога да остане таму повеќе години. Инаку моќта не ни е голема, а младите и самите се снаоѓаат. Членувам во ДЛУМ од враќањето од Љубљана во 1984 година.

Deutsche Welle
- Пипа кажа „Да"
- Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
- Германија: Еден милион слободни работни места

Едно време бев и во претседателството. Многумина колеги, автори, велат што ми дал ДЛУМ, но ДЛУМ сме всушност ние. Треба сите да помагаме колку можеме во вакви ситуации. Добро е што се направи и веб-страницата, а гледам на групни изложби има дела на се поголем број млади автори.

**Што беше пресудно по земјотресот во Скопје ликовните уметници да ги добијат постоечките ателјеа на булеварот Партизански одреди?**

- Некои политички личности тогаш издејствуваа сите поткровја на булеварот да бидат ателјеа. ДЛУМ зема една барака од Пошта 2 и ја дислоцира во Ѓорче Петров каде има 14 ателјеа, а во Сарај каде и јас денес имам ателје, има 15 ателјеа.

Статијата е прочитана 1402 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар


## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**Второ ДВД-издание со тенорот Благој Нацоски**
**„Скупи фест" го отвора претставата „Белиот гавран" од Албанија**
**Почнува „Неделата на Светскиот театар" во Македонија**
**Алексис Рајт - добитничка на наградата „Мајлс Франклин"**
**Прокопиев меѓу тројцата најдобри балкански писатели**
**Хепенингот на Миро Масин се изгуби во метежот во КИЦ**

период од-до 2006 - 2014

Утрински весник

ONLINE ИЗДАНИЕ
Вести
Магазин
Спорт
Култура

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Политика
Македонија
Економија
Хроника
Коментари
Свет
Култура
Спорт
Скопје
Забава
Хороскоп

ПРИЈАТЕЛИ
Дневник
Вест
Теа Модерна
Огласник 24

МАРКЕТИНГ

POWERED BY nextsense


РЕДАКЦИЈА
ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат
Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

© 2006-2014 Утрински весник, сите права задржани